КИСЕЛА ВОДА

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

ул. Петар Дељан бр. 17, 1000 Скопје, тел.++389 2 785 420; факс. ++389 2 770 210;
E-mail: contact@kiselavoda.gov.mk, www.kiselavoda.gov.mk

Бр. 08-8347/2 од 24. 10. 2019 год.

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 51/05, 137/07,91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14), член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр. 8/2005 и Службен гласник на Кисела Вода бр. 13/2006) и донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со Решение бр. 08-11142/2 од 31.12.2018 година, Градоначалникот на Општина Кисела Вода, го дава следното:

## СООПШТЕНИЕ

за организирање на повторна јавна анкета и јавна презентација
по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14,
Општина Кисела Вода - Скопје

Границата на планскиот опфат е дефинирана со Генерален урбанистички план за Градска Четврт Ј14 од ГУП на град Скопје – плански период 2012 – 2022 и е дефинирана:

- на северо – исток по оската на собирна улица „Борис Трајковски", со точки од вкрстување D79 – C39;
- на југо – исток по оската на магистрална улица – булевар „Србија", со точки од вкрстување C39 – C40;
- на југо – запад по оската на собирна улица „Христо Татарчев", со точки од вкрстување C40 – D80;
- на север по оската на собирна улица „Народни херои", со точки од врстување D80 – D79.

Опфатот е со површина од 82.09 ха.

Повторната јавна анкета по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14, Општина Кисела Вода - Скопје, ќе се спроведе со излагожување на предлог планот во У.З. „Расадник" на ул. „Христо Татарчев" бр. 47 З локал 2, У.З. „Кисела Вода" на ул. „Христо Татарчев" бб и на www.kiselavoda.gov.mk.

Повторната јавна анкета ќе трае 10 работни дена, почнувајќи од денот на објавувањето на Соопштението, секој работен ден од 08:30 – 16:30 часот, во У.З. „Расадник" на ул. „Христо Татарчев" бр. 47 З локал 2, лице за контакт Игорче Арсовски тел. 071/391-250, У.З. „Кисела Вода" на ул. „Христо Татарчев" бб, лице за контакт Марија Захова тел. 071/391-177 или на www.kiselavoda.gov.mk.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови на шалтерот на Општина Кисела Вода (барака 6), во У.З. „Расадник" на ул. „Христо Татарчев" бр. 47 З локал 2 и во У.З. „Кисела Вода" на ул. „Христо Татарчев" бб.

Повторната јавна презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, на 30.10.2019 година во 12:00 часот.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски